Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет Музичка култура за I (прва) година во средното стручно образование за учебната 2020/21 година.

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет Музичка култура за I година во средното стручно образование се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни дена, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 1 час неделно се предвидуваат 32 часа во скратената програма со времетраење на наставниот час од 35 минути.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

I Тема/Подрачје

**Музиката низ историјата** (24 часа)

Наставни единици:

1. Местото и улогата на музиката во општеството
2. Ренесансна музика (музички форми и инструменти)
3. Претставници на ренесансната музика (со слушање музика од дадените композитори)
4. Барокот во музиката (музички форми и инструменти во барокот)
5. Претставници на музичкиот барок.Ј.С.Бах и Г.Ф.Хендл (со слушање музика од дадените композитори)

6. Класицизам (општо) - музички класицизам, симфонија, опера
7. Претставници на класицизмот – Хајдн, Моцарт. Бетовен
8. Оперите на В.А.Моцарт (значењето на В.А.Моцарт за операта)
9. Симфониското творештво на Л.В.Бетовен (значењето на Бетовеновите симфонии во музичката уметност)
10. Романтизам (општо) - музички романтизам (соло песна, симфониска поема, концерт, балет)
11. Претставници на музичкиот романтизам (Шуберт, Сметана, Чајковски)
12. Петар Илич Чајковски - влијанието на фолклорот во творештвото на Чајковски
13. Операта во романтизмот и нејзини претставници (Верди, Росини, Вагнер, Бизе)
14. Музички импресионизам – арабеска, болеро
15. Претставници на музичкиот импресионизам (Дебиси, Равел)
16. Музиката на XX век – карактеристики - сценска кантата
17. Претставници на музиката во XX век - Игор Стравински и Карл Орф
18. Првите музички дејци од Македонија (Јован-Јан-Кукузел, Атанас Бадев, Наум Миладинов)
19. Музиката во Македонија во XX и XXI век (хорска музика, опера, балет)
20. Претставници на музиката во Македонија во XX и XXI век (Скаловски, К. Македонски, Прокопиев, Лумани, Таири)
21. Популарни жанрови и инструменти во XX и XXI век
22. Етно елементи во популарните жанрови
23. Музиката и технологијата – мултимедија

24. Познати изведувачи од популарната музика (слушање муз.примери)

II Тема/Подрачје

**Музичка традиција и обичаи** (12 часа)

Наставни единици

1. Основни карактеристики на музичката традиција и обичаите во РСМакедонија
2. Проектна активност: Истражуваме за музичката традиција и обичаите на народите во РСМакедонија
3. Вредноста и значењето на традиционалната музика и обичаите
4. Сличности и разлики во традициноалната музика кај народите во РСМ и нејзина застапеност во уметничката музика
5. Народна песна (изворна,староградска,новосоздадена,обнародена-селска и градска традиција)
6. Обработка на народна песна по избор на учениците
7. Народни инструменти и нивна поделба
8. Дувачки народни инструменти
9. Ударни народни инструменти
10. Жичани народни инструменти
11. Ороводна народна традиција
12. Сличности и разлики во орската традиција кај народите во РСМакедонија

## 3. Дидактички препораки

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичка уметност за I година во стручното образование ќе се реализира за 159 дена траење на учебната 2020/2021 година во 32 наставни часови во времетраење на наставниот час од 35 минути. Наставните соджини овозможуваат внатрешна и надворешна интеграција, која подразбира интегрирано планирање помеѓу наставните теми во рамки на програмата по музичка култура, како и надворешно планирање и интеграција со други наставни предмети. Наставните содржини од програмата остануваат исти, но распоредени во рамките на 32 наставни часа со што е направено скратување од 4 четири часа.

За целосно реализирање на наставните содржини од наставните теми, во оваа програма е предвидено скратувањето, односно интегрирањето на наставните содржини од 4 четири наставни часа, да се направи помеѓу двете теми. Конкретно скратувањето на програмата се предвидува на следниот начин: - наставната единица со број 20 од I тема се интегрира со наставната единица бр. 4 од II тема; - наставната единица со број 22 од I тема се интегрира со н.е. број 3 од II тема; - н.е. број 23 од I тема се интегрира со н.е. број 2 од II тема; - н.е. број 24 од I тема се интегрира со н.е. број 6 од II тема. Можна е и интеграција на наставни единици различни од наведените, доколку во искуството на педагошката пракса на наставникот одредени содржини се покажале погодни за меѓусебно поврзување.

Се препорачува наставникот при реализацијата на наставниот час во кој има интегрирано две наставни содржини да внимава на обемот на наставната материја при планирање и изборот на најефективни активности и техники , со оглед на скратеното времетраење на наставниот час. Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма. Следењето на постигањата на учениците секој наставник индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичка култура за I (прва) година во средното стручно образование ја утврди

| | |
|---|---|
| **Арх. Бр. 13-9335/11** | **Министер за образование и наука,** |
| **16.9.2020 година** | **Мила Царовска** |